РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 08 - 80
22 .02.2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 5 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со Решението СТ-146/20 од 18.01.2021 година на Основен суд Битола (наш арх.бр.03-479/2 од 12.02.2021 година), објавено во („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.23/21) правосилно на 08.02.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-583/2 од 19.02.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 19.02.2021 година, донесе:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААМУ) при редовна проверка на објавите во „Службен весник на Република Северна Македонија" (СВРСМ) утврдила дека во СВРСМ бр.310 од 24.12.2020 година година, Основниот суд Битола со Решение Ст.бр.146/20 од 18.12.2020 година повел претходна постапка заради утврдување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Трговското радиодифузно друштво (ТРД) БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, при што се определило одржување на рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на 30.12.2020 година во Основниот суд во Битола. Цитираното Решение било впишано и во Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ), што било констатирано при увид во тековната состојба на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола од 03.02.2021 година преземена од Интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ. Потоа, од страна на Секторот за правни работи било констатирано дека во СВРСМ бр.23 од 28.01.2021 година, Основниот суд Битола, со Решение Ст.бр.146/20 од 18.01.2021 година, отворил стечајна постапка над должникот ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, но истата не ја спровел и ја заклучил. Воедно, при проверка на основен профил на регистриран субјект на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола на Интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ, на 03.02.2021 година било констатирано дека субјектот бил активен и дека биле евидентирани податоци за стечајна постапка.

Во насока на преземање понатамошни дејствија од аспект на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по повод објавата во „Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.23 од 28.01.2021 година, АААВМУ на 03.02.2021 година до Основниот суд Битола доставила допис - Барање (арх.бр.03-479/1), во најкраток можен рок до АААВМУ да биде доставено Решението Ст.бр.146/20 од 18.01.2021 година (во оригинал) објавено во СВРСМ бр.23 од 28.01.2021 година. Истиот ден, на 03.02.2021 година Секторот за правни работи, по електронски пат се обратил до Секторот за финансии и логистика, во однос на тоа дали ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола има активен долг кон АААВМУ. Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за финансии и логистика известило дека ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола заклучно со 2020 година, нема долг кон АААВМУ.

На 12.02.2021 година, Основниот суд Битола до АААВМУ го доставил Решението СТ-146/20 од 18.01.2021 година (арх.бр.03-479/2), (правосилно на 08.02.2021 година) објавено во „СВРСМ“ бр.23/21 година, со кое над должникот ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола се отворила стечајна постапка, но истата не се спровела и се заклучила, со оглед дека судот утврдил дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците за стечајната постапка односно е со незначителна вредност заради што судот донел решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе. Дополнително, а со цел да се провери последниот актуелен статус на субјектот ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, АААВМУ на 12.02.2021 година извршила увид во податоците објавени на Интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ, при што констатирала дека субјектот бил избришан на 12.02.2021 година со основ за бришење на субјектот: Решение 146/20 од 18.01.2021 година на Основен суд Битола.

Согласно член 85 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, ако настапи стечај на имателот на дозволата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 5 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со Решението СТ-146/20 од 18.01.2021 година на Основен суд Битола (наш арх.бр.03-479/2 од 12.02.2021 година), објавено во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.23/21) правосилно на 08.02.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-583/2 од 19.02.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 19.02.2021 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

____________________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола;
- Стечајниот управник, м-р Ели Божиновска од Битола;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.